**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# АНКЕТА ЗА КРЕДИТНАТА АКТИВНОСТ ПО ГРУПИ БАНКИ

ТРЕТ КВАРТАЛ, 2016 ГОДИНА

ноември, 2016 година

# *Резиме на резултатите од Анкетата за кредитната активност по групи банки*[1,2]

## *Големи банки*

### Кредити на претпријатијата

- Кредитна политика: непроменети услови за одобрување корпоративни кредити, наспроти нето-олеснувањето во претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: нето-зголемување на кредитната побарувачка, наспроти нето-намалувањето во претходниот период.

- Очекувања за четвртиот квартал на 2016 година: натамошно нето-олеснување на кредитните услови и зголемување на побарувачката на корпоративните кредити на нето-основа, но посилно во споредба со претходната анкета.

### Кредити на населението

- Кредитна политика: нето-олеснување на кредитните услови за одобрување на сите видови кредити, наспроти нето-заостривањето во претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: нето-намалување на побарувачката за потрошувачки кредити, при непроменета побарувачка на станбени кредити.

- Очекувања за четвртиот квартал на 2016 година: нето-олеснување на вкупните кредитни услови, при натамошно нето-зголемување на побарувачката на вкупните кредити, но посилно во споредба со очекувањата од претходната анкета.

## *Средни банки*

### Кредити на претпријатијата

- Кредитна политика: непроменети кредитни услови за одобрување на вкупните корпоративни кредити, наспроти нето-заострувањето во претходниот период.

- Кредитна побарувачка: нето-зголемување на побарувачката на вкупните корпоративни кредити, со иста динамика како во претходната анкета.

- Очекувања за четвртиот квартал на 2016 година: мало нето-заострување на кредитните услови, при натамошно нето-зголемување на побарувачката на вкупните кредити.

---

[1] Методологијата на Анкетата за кредитната активност по групи банки е претставена во посебен прилог којшто може да се најде на следнава врска: Методологија на анкетата за кредитната активност.
[2] Временска серија од податоците на Анкетата за кредитната активност по групи банки може да се најдат на следнава врска: Временска серија по групи банки.

## Кредити на населението

- Кредитна политика: нето-олеснување на вкупните кредитни услови, но послабо во споредба со претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: нето-намалување на побарувачката на потрошувачки кредити, при нето-зголемување кај станбените кредити.

- Очекувања за четвртиот квартал на 2016 година: натамошно нето-олеснување на вкупните кредитни услови, при очекувања за натамошно зголемување на побарувачката на кредити, но послабо.

***Мали банки***

## Кредити на претпријатијата

- Кредитна политика: нето-олеснување на кредитните услови за одобрување корпоративни кредити, при непроменети услови во претходниот период.

- Кредитна побарувачка: нето-зголемување на побарувачката на вкупните кредити, наспроти непроменетост на побарувачката во претходната анкета.

- Очекувања за четвртиот квартал на 2016 година: непроменетост на кредитните услови на вкупните корпоративни кредити, при натамошно нето-зголемување на побарувачката на кредити.

## Кредити на населението

- Кредитна политика: условите за кредитирање на малите банки не се променија, исто како и во претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: натамошно зголемување на побарувачката на вкупните кредити, но посилно на нето-основа, во споредба со анкетата за претходниот квартал.

- Очекувања за четвртиот квартал на 2016 година: натамошно олеснување на кредитните услови и зголемување на побарувачката на нето-основа, но посилно во споредба со претходната анкета.